**СЕКТОР**
**ИНСПЕКТОРАТ**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**ОВЛАСТЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР**

**Бр: Ип1 31-105**

# ПРЕДЛОГ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА НА

# ОВЛАСТЕНИОТ

# ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР

# ЗА 2026 ГОДИНА

**(„Образованието е учење дека дури и не сте знаеле дека не сте знаеле“-Даниел Борстин).**

**( Врз основа на член 15 став 2 од Законот за просветна инспекција**

**(„Службен весник на Република Македонија“, бр. 52/05, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/18)и**

**во врска со член 10 од ЗПИ(„Сл.весник на РМ“ 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13 ,164/13 ,41/14 , 98/15 и 145/15, и 30/16 и 64/2018,3/25,74/25) член 41-а од Законот за средно образование(Сл.весник и обврската за изработка на Годишна програма за инспекциски надзор во воспитно-образовните установи во Општина Прилеп, Овластениот просветен инспектор до Градоначалникот на Општина Прилеп ја доставува следната Годишна програма за работа на Овластениот просветен инспектор за 2026 година).**

Годишната програма за работа на овластениот просветен инспектор ќе се заснова на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице
- Управување со човечки ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации
- Наменско,рационално и ефикасно управување со јавните ресурси
- Управување со квалитет
- Транспарентност
- Темелност
- Непристрасност

МИСИЈА-Зголемување на ефективноста на воспитно-образовниот процес преку контрола на квалитетот на предучилишно,основно, средно и други форми на образование,давање оценка за квалитетот на образовниот процес како и контрола над законитоста во образованието, согласно законите што го регулираат воспитно-образовниот процес.

ВИЗИЈА-Високо квалитетна ,стручна, професионална и ефикасна поддршка за позитивни промени на состојбите во образованието.

1. Цели и начела на делување на Просветната инспекција за учебната 2026/2027 година:

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;

- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;

- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;

- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење нанадзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;

- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;

- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;

- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;

- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.
- Инспекторот да дејствува на други начини  во однос на подигање на јавната свест за значењето на почитување на законите и прописите од нивна област.

- Основно начело е да се делува превентивно, со цел целосно отстранување на недостатоците односно прекршоците.

<u>Дополнителна цел</u>: Личноста да стекнува умеења да анализира локални,глобални и меѓукултурни теми,да се разбираат и прифаќаат различни перспективи и погледи на светот,да се комуницира со другите со почитување и да се превземат одговорни акции кои водат кон одржливост и колективна добробит.Програмата содржи елементи  за залагање да се обезбеди сеопфатно,интегрирано и инклузивно образование насочено кон ученикот,со современи програми што овозможуваат идните генерации да се стекнат со клучните знаења,вештини и ставови,согласно потребите на демократското општество,пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент.

# **В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА**

**Овластениот просветен инспектор врши надзор во согласност со законскитепрописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на образованието како што се:**

- **1.Закон за просветна инспекција(„Службен весник на Република Македонија",бр. 52/05, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013,41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/18,3/25).**
- **2.Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РМ" бр.50/10,………120/18, 019,272/24,22/25,135/25).**
- **3.Закон за основно образование(Сл.Весник на РСМ бр..161 од05.08.2019,3/25,74/25,)**
- **4.Закон за средно образование(Сл.весник на РМ бр.71/2006,117/2008,148/2009,17/2011,137/2013,41/2014,145/15 Сл.весник на РСМ 64/2018,229/2020,78/25).**
- **5.Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта(Сл.весник на РСМ бр..161 од 05.08.2019)**
- **6.Закон за вработени во јавен сектор(Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,27/16,35/18,198/18).**
- **7.Закон за стручно образование и обука(Сл.весник на Р.М бр.71/2006,117/2008,17/2011,24/2013,137/2013,41/2014,145/2015,275/19)**
- **8.Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РМ" бр.38/05,110/08, 51/11 145/15).**
- **9.Закон за постапување по претставки и предлози („Сл.весник на РМ" бр.82/08, ,56/09, ……………….193/15, 2019 ).**
- **10.Закон за прекршоци („Сл.весник на РМ" бр.62/06…124/15, 96/19).**
- **11.Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02 и 38/08);**
- **12.Закон за државни службеници („Сл.весник на РМ" бр.54/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85,03, 17/04, 69/04, 81/05, 108/05, 61/06, 31/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10 , 76/10… 2013 год, 11/2018,275/19,14/20).**
- **13.Закон за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр.98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008,23/13, 12/14, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017,21/2018 и Службен весник на РСМ 104/2019 ,146/2019, 275/19 и 311/2020,294/2021,150/2022,236/2022,17/2025г.)**

1. Во 2026 година овластениот просветен инспектор ќе врши надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината на начин и постапка утврдени во Законот за просветна инспекција, Законот за основно образование и Законот за средно образование, Закон за заштита на деца, а особено за:

а) условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи и јавните установи основани од општината;

б) условите за работа на воспитно-образовните установи и установите за деца основани од општината:

в) запишувањето на учениците во основните училишта (водење евиденција, опомена, едукација и барање за поведување прекршочна постапка за незапишани деца во прво одделение и ученици кои неоправдано не го посетуваат ООУ повеќе од 30 дена, водење евиденција за незапишани ученици во прва година во училиштата за средно образование(задолжително средно образование);

г) опфат на учениците во основното образование согласно со реонизацијата на основните училишта (опфаќајќи го осипувањето на учениците, преминувањето од едно во друго О.О.У.);

д) превоз, исхрана и сместување на учениците од основното и од средното образование во Општина Прилеп;

ѓ) условите за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи во основните училишта и условите за избор на наставници и стручни соработници во средните училишта;

е) постапката за формирање на училишни органи во основните училишта: Училишен одбор, Совет на родители, Совет на одделенски наставници, Совет на предметни наставници, одделенски раководители и стручни активи, Училишен парламент и Училишни органи во училиштата за основно и средно образование во Општина Прилеп и постапка за формирање на управните и други органи во јавните установи за деца основани од Општината;

ж) контрола над средствата стекнати од сопствени извори во

основните и училиштата за средно образование како и во јавните установи за деца во Општина Прилеп.

2.При вршењето на надзорот инспекторот ќе

-остварува увид во извршувањето на законите, други прописи и општи акти во основните училишта и училиштата за средно образование во Општина Прилеп и бара потребни податоци за тоа;

-укажува на извршување на законите и другите прописи, односно отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или повредата на законот и др. прописи во основните и училиштата за средно образование во Општина Прилеп;

-спречува спроведување на незаконски мерки, дејства, работи и постапки во основните и училиштата за средно образование во Општина Прилеп;

- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка за родители на деца кои не се запишани во прво одделение и за родители на ученици во основното образование кои неоправдано не посетуваат настава повеќе од 30 дена;

-предлага поведување дисциплинска постапка против вработените во основите и училиштата за средно образование во Општина Прилеп, поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор или акт на работодавачот;

-спроведува едукација во основни и средни училишта поради сторена неправилност;

- -предлага до раководниот орган на основното училиште, училиштето за средно образование и ученичкиот дом мерка отстранување од работното место на вработен од работно место, ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомневање дека наставник и други вработени во воспитно-образовниот процес сториле повреда согласно член 30 став 1 алинеја 1-6 од Законот за просветна инспекција(„Службен весник на Република Македонија",бр. 52/05, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/18,3/25)

-предлага до Градоначалникот на Општина Прилеп мерка отстранување од работното место на вработен од работно место, ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврдил дека постои основано сомневање дека Директорот на воспитно-образовната установа во воспитно-образовниот процес сторил повреда согласно член 30 став 1 алинеја 1-6 од Законот за просветна инспекција :-се зависници од дрога, односно алкохол, наведуваат ученици, студенти за уживање на дрога или на конзумирање алкохол или на истите им продавале дрога или алкохол, не презема мерки за спречување на учениците и студентите од уживање на дрога, односно конзумирање алкохол, доколку знаеле за ваква појава во воспитно-образовните установи, вршат физичко и психичко малтретирање врз деца, ученици и студенти, наведуваат кон сексуална злоупотреба или сексуално злоупотребуваат ученик, студент или вработен и прават повреда при наплатување и распределба на финансиските средства.

-го известува Советот на Општина Прилеп за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците и вработените во воспитно-образовниот процес.

3. Извршувањето на обврските инспекторот ќе ги остварува континуирано, како вршење на редовен надзор врз основа на општ годишен план по области и рокови и повремено, како вршење на вонреден надзор(врз основа на иницијатива на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовната установа.

4. По извршениот редовен и вонреден надзор, по изречените мерки овластениот просветен инспектор ќе изврши и контролен надзор по истекот на рокот определен за отстранување на недостатоците.

5. Овластениот просветен инспектор има право и обврска за стручно усовршување и оспособување во областите кои се предмет на надзор и учествува во сите проектни активности организирани од разни НВО-ии (МЦГО-Скопје, Детска фондација Песталоци), ОБСЕ,

УСАИД, УНИЦЕФ, УНДП и други фондации и меѓународни организации кои со Општина Прилеп склучиле меморандум на соработка.

-

6. Градоначалникот на Општина Прилеп ќе изготви Годишен извештај за работа на овластениот просветен инспектор најдоцна до 31 Јануари во тековната за претходната календарска година. Извештајот мора да ги содржи податоците од член 15 став 5 точка 1-6 од Законот за просветна инспекција:

1)оцена за квалитетот на образовниот процес и ефективноста преку евалуацијата на работата на воспитно-образовните установи;

2)општа оцена на состојбите од аспект на почитување на законитоста од страна на воспитно-образовните, високообразовните и научни установи;

3)податоци за бројот на извршените надзори во одделни воспитно-образовни, високообразовните и научни установи;

4)податоци за утврдените повреди и изречените мерки, како и за спроведување на изречените мерки;

5)препораки за подобрување на утврдените состојби и

6)други податоци од значење за овластениот просветен инспектор.

Наш бр:Ип1 31-105

Прилеп

Декември, 2025г.

Овластен просветен инспектор

м-р Каролина Николоска

Odобрил:

Градоначалник

Дејан Проданоски